NDËRRMARJA PUBLIKE PËR VEPRIMTARI KOMUNALE
DHE FISNIKRIMIN E RESURSEVE
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ
И ОБЛАГОДОРУВАЊЕ НА ПРИРОДНИТЕ РЕСУРСИ
"HIGIENA" "ХИГИЕНА"
Бр/No. 03-3512
03.12.2024 год.
ЛАБУНИШТА LABUNISHTË

ОПШТИНА СТРУГА
KOMUNA E STRUGËS
Примено
Pranuar 05.12.2024
Орг.единица | Број | Прилог | Вредност
Njës.organizative | Numer | Shtese | Viera
08- 4854/1

ЈКП ХИГИЕНА ЛАБНИШТА

NKP HIGIENA LABUNISHTE

Во Акта - Архивски знак
Në Akt - Shenjë arkivore
Рок на Чување
Afati i ruajtjes
Потпис
Nënshkrimi
г(v)

До Совет на Општина Струга Предмет: Барање ЈКП Хигиена-Лабуништа бара од Советот на Општина Струга на својата наредна седница да ја стави на дневен ред: 1. Одлука за усвојување на Годишната програма за работа на ЈКП Хигиена Лабуништа за 2025 г. Прилог: Програма, В□ прилог ви доставуваме комплетна документација во пишена форма. Со почит,	Për Këshilli i Komunës së Strugës Lenda: Kërkesë NKP Higjiena-Labunishta kërkon nga Këshilli i Komunës së Strugës të vendoset në rend ditë një pikë scancën e ardhshme të Këshilit të Komunës së Strugës edhe atë: 1. Aktvendimin për miratimin e Programin vjetor I punës në NKP Higjiena-Labunishta për 2025 v. Shtojca: Program, Në shtojcë ju dorëzojmë dokumentacionin e kompletuar në formë të shkruar. Me respect,

ЈКП Хигиена Лабуништа

Директор,

Рецо Сантоски

NKP Higiena Labunishte

Drejtor,

Rexho Saitoski

NDËRMARRJA PUBLIKE PËR VEPRIMTARI KOMUNALE
DHE MBROJTJEN E RESURSEVE NATYRORE
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ
И ОБЛАГОДОРУВАЊЕ НА ПРИРОДНИТЕ РЕСУРСИ
"HIGIENA" "ХИГИЕНА"
Бр/No. 02-3412
03.12.2024 год.
ЛАБУНИШТА LABUNISHTË

Врз основа на член 19 став 1 точка 2 од Законот за јавните претпријатија и член 18 од Статутот на ЈКП Хигиена-Лабуништа , Управниот Одбор на ЈКП Хигиена на својата тринаесета седница одржана на ден 03.12.2024 година донесе

ОДЛУКА

За усвојување на Програмата за работа на ЈКП Хигиена-Лабуништа за 2025 година

Член 1

Се усвојува Програмата за работа на ЈКП Хигиена-Лабуништа за 2025 година.

Текстот на Програмата за работа е составен дел на оваа Одлука

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

В.Д Претседател на У.О

Ирфан Рамизи



DHE FISNIKRIMIN E RESURSEVE NATYRORE
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ
И ОБЛАГОДОРУВАЊЕ НА ПРИРОДНИТЕ РЕСУРСИ
"HIGJIENA" "ХИГИЕНА"
Бр/No. 02-3413
03.12.2024 год.
ЛАБУНИШТА LABUNISHTË

ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ

ЈКП "ХИГИЕНА" – ЛАБУНИШТА

ПРОГРАМА

ЗА РАБОТА НА ЈКП ХИГИЕНА-ЛАБУНИШТА ЗА 2025 ГОД.

ЛАБУНИШТА 2025ГОД.

ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ

ЈКП ХИГИЕНА – ЛАБУНИШТА

ВОВЕД,

Јавното комунално претпријатие "Хигиена" Лабуништа е формирано со одлука на Совет на Општина – Лабуништа 28.03.1997 год .Со територијалната поделба обврската како оснивач е превземе Советот на Општина- Струга а е формирано заради вршење на дејности од јавен интерес во комуналната област, а која е незаменлив услов за животот и работата на подрачјето на село Лабуништа.

Во извршувањето на дејностите од јавен интерес се почитуваат принципите на сигурност во давањето на услугите , квантитет и квалитет на услугата , транспарентност, достапност, и универзална услуга , заштита на корисниците и потрошувачите.

Јавното претпријатие има својство на правно лице со своја жиро сметка , а за извршените и превземените обврски во правниот промет одговара со целокупниот имот со целосна одговорност.

Програма за работа на ЈКП – Хигиена – Лабуништа
За 2025 год.

Основните дејности на **ЈКП- Хигиена** – Лабуништа се,

-.Стопанисување со водоводниот систем.

-.Одржување на канализацискатa мрежа.

-.Одржување на комуналната хигиена.

-.Одржување на јавната хигиена.

-.Одржување пазаришен простор.

За административно организирање на работата на наведените дејности во Јавното комунално претпријатие постои, Административно , правна , техничка и финансиско сметководствена служба.

Водоводен систем

Системот за водоснабдување на месното население се состои од,

-. Зафати за вода,

-. Каптажи.

-. Резервоари за вода со вкупен капацитет од 1,800 м3 вода.

-. Водоводна мрежа.

Од системот за водоснабдување се врши водоснабдување на месното население во Лабуништа. Вкупниот број на жители што се снабдува од овој систем изнесува околу 10,000 жители. Издашноста на изворите е променлива во зависност од годишниот период и изнесува од 20 до 40 л/сек.Активностите кој ќе се насочат на водоводната мрежа заедно со сите пропратни објекти од страна на службата која е непосредно ангажирана ќе се вршат на следниот начин,

-. Контрола на мрежата како и

-. Редовно одржување на водоводниот систем.

Контролата на целокупната мрежа заедно со изградените пропратни објекти ќе се врши секојдневно.

Редовното одржување на мрежата ќе се состои од :

-. Поправка на дефекти на водоводната мрежа.

Покрај редовното одржување на водоводната мрежа службата ќе се ангажира и во следните обврски:

-. Поправка на водомерите на корисниците на вода.

-. Повремено испуштање на водата од водоводната мрежа.

-. Чистење на собирните зафати, каптажите како и резервоарите за вода.

Горе наведените активности од страна на службата која е непосредно ангажирана во ЈКП –Хигиена – Лабуништа ќе ги извршува редовно и квалитетно во текот на целата тековна година. Покрај овие активности службата ќе врши и :

-. Приклучување на водоводна мрежа.

-. Исклучување на нерегуларни / диви/ приклучоци на објекти.

-. Поставување на малски контролни водомери.

Поправката на дефектите на водоводната мрежа ќе се врши навремено и квалитетно.

Поправката на водомерите исто така ќе се врши навремено а доколку не е можна поправка обврска има службата да изврши промена на механизмот како би се имало увид на потрошената вода.Се планира во текот на тековната година целосно да се исклучи паушалната наплата на корисниците.

Повременото испуштање на водата во водоводната мрежа ќе се врши во зависност од временските прилики, доколку службата

утврди дека има потреба да се прочистат цевките истото би го и сториле.

Чистењето на собирните зафати, каптажи како и резервоарите за вода ќе се врши до два пати годишно.

Приклучувањето на водоводната мрежа ќе се врши во зависност од изградените и не приклучени објекти со претходно доставено молбено барање од страна на корисникот а во прилог да достави и имотен лист за кп.

Исклучувањето на нерегуларни /диви/ приклучоци на објекти ќе се врши веднаш по сознание со претходна опомена а воедно ќе се превземат казнени мерки од страна на службата за лицето кое го сторило приклучувањето.Исто така на несовесните и неодговорни корисници на услуги кои подолго време не ги имаат подмирено обврските спрема ЈКП Хигиена, ќе се покренува наплата преку извршител.Со поставување на малски контролни водомери предвидено е да се постигне целта во реалната потрошувачка на вода или евентуално да се констатира истек односно губење на вода.Покрај поставување на малски контролни водомери потребно е да се постават и малски регулатори за притисок на водата, со што сметаме дека и на таков начин би заштедиле вода,мислиме дека ако не е регулиран притисокот на вода во цевководот би се јавувале чести дефеци на водоводната мрежа како и на санитарната опрема во домаќинствата. За реализација на овие активности ЈКП Хигиена има ангажирано работници кои се оспособени квалитетно да ја извршуваат дадената обврска.

Наплатата на доставените сметки се врши целосно преку пошта во Лабуништа или во Струга.

Доставата на сметките за наплата ќе се врши и во текот на оваа тековна година од наша страна што не се исклучува можноста и доставата на сметките да се регулира и на поинаков начин доколку дозволуваат условите.Планирано е оваа тековна година во согласност со Управниот одбор да се изврши корекција на

цената за собирањето на комуналниот смет.Моменталната цена е 200,00 ден по домаќинство што мислиме дека со оваа цена не можат да се покријат трошоците за вработените и возилата што се користат во тој оддел.Од страна на службата ќе се врши контрола на здравствената исправност на водата во текот на целата тековна година.Додека пак од страна на Заводот за здравствена заштита Охрид , согласно правилникот за здравствена исправност на водата за пиење ќе се вршат анализи од системот за водоснабдување еднаш а по потреба и повеќе пати во месецот. На примероците од вода ќе се врши анализа на : хемиско бактериолошко присуство во водата како и :

-. Присуство на резидуален хлор.

Покрај контролата што ќе ја вршат горе споменатата институција ќе се врши и контрола од страна на вработените за присуство на резидуален хлор. За контролата од наша страна ќе се грижи вработено лице по професија хемиски техничар.

Фекална канализација

Одводнувањето на отпадните фекални води ЈКП Хигиена го има регулирано преку делумно изградена канализациска мрежа за жал дел од населбата не е вклучен во мрежата односно се користат селските јазови а од таму фекалната вода се влива во речното корито, додека пак некој други објекти заради неможноста да се вклучат во постоечката канализациска мрежа имаат изградено септички јами.Службата во претпријатието во текот на тековната година планира да спроведе активности со цел целосно регулирање на одводот на фекалните отпадни води.

Активностите за тековната година целосно ќе бидат насочени врз:

-. Одржување на целокупната постоечка мрежа.

-. Изведување на нова канализациска мрежа и поврзување со постоечката мрежа како и :

-. Изградба на канализациски шахти.

За реализација на овие активности ЈКП Хигиена има ангажирано работници кои се оспособени квалитетно да ја извршуваат дадената обврска.

Комунална хигиена

Во областа на комуналната хигиена се работи на : собирање , транспортирање и депонирање на комуналниот отпад што се создава во текот на секојдневниот живот и работа во индивидуални домаќинства , дворните како и во работните простории. Со собирање на комунален смет опфатена е целата територија на населбата.Собирањето на сметот се врши секојдневно по реони.Сметот се транспортира на посебно изградена депонија во Струга, која е оддалечена од Лабуништа 15 км.Во областа на комуналната хигиена ангажирани се 4 утоваривачи од кој еден повремено е ангажиран како возач превозно средство Трактор и еден возач на камион.Транспортот на сметот до спомнатата депонија се врши претежно со Камион наменет за таа дејност. Повремено се користи и споменатиот трактор.Планирано е од страна на ЈКП Хигиена за тековната година да се изврши набавка на канти за смет и да се понудат на населението по поволни услови.Целта е да се подобри недоличната слика од растурен смет.Планирано е исто така да се набават и корпи за смет кои би се поставиле на прометни места. Како и претходната година така и во оваа тековна година ќе се организира работата во одржување на јавната чистота.

Јавната чистота се однесува на :

-. Одржување на речното корито.

-. Одржување на сите јазови низ населбата.

-.Одржување на сите јавни површини , главните патишта,централниот дел на населбата,како и просторот околу Централното основно училиште.

-. Поправка на решетките низ населбата наменети за собирање на атмосферската вода.

-. Одржување и чистење на локалниот пат од одрон на земја во должина од 3 км.

Имајќи ги во предвид погоре наведените обврски а за нивно успешно реализирање неопходно е да се спомне проблемот со

-. Недоволен број на вработени како и

-. Застарена механизација.

Сме во надеж дека ќе дојдат во скора иднина и подобри времиња.

Пазаришен простор

ЈКП Хигиена за пазаришен простор го користи просторот во центарот на Лабуништа и е од отворен карактер.Просторот се користи еднаш неделно и тоа во Петок. Користењето на просторот од страна на пазарџиите е регулиран со правилник за користење.Одржувањето на хигиената во пазарот е регулирана на тој начин што по завршувањето на пазарот се врши генерално чистење со собирање на сметот утовар и транспорт до депонија.

За оваа работа ангажирани се четири работници и еден возач кој работат во склоп на комуналната хигиена.Наплатата ЈКП Хигиена ја има така што во пазарен ден наплаќа пазаришна такса од страна на вработено овластено лице за наплата на пазаришна такса.Во иднина заради специфичноста на локацијата на пазарот неопходно е да се размислува за негова дислокација како и да се размислува за пазар од затворен карактер.

Административно,техничка,правна,финансиско сметководствена служба се организира и ги извршува следните тековни работи:

Тековно работење во правна област

-. Застапување на ЈКП-ХИГИЕНА-Лабуништа пред судовите и другите државни и локални институции.

-. Изготвување тужби,жалби и други поднесоци до судови и други институции.

-. Припрема на седници,предлог акти, записници, одлуки и заклучоци за работа на Управен одбор.

-. Спроведување постапка во врска со имотно правни спорови како и постапка за трајна и времена експропријација при изготвување проекти од дејноста.

-. Изготвување на општи акти: Статут, Колективен договор, Правилник за организација и систематизација.

-. Приготвување и учество при склучување договории други акти помеѓу ЈКП Хигиена и други субјекти.

-. Спроведување постапка и припрема на документација за корисници кои нередовно плаќаат за услуги спрема ЈКП Хигиена.

-. Изработка на поединечни акти во врска со прием на работници конкурси /,огласи/ распоредување на вработени, престанок на работен однос, решенија за годишен одмор, неплатено отсуство и др.

-. Преземање активности за спроведување ред и дисциплина при извршување на работни обврски како и контрола на редовност при доаѓање и заминување од работа на вработените.

-. Припрема и издавање на документи за потреба на вработените како: потврди, документи за кредит и др.

-. Водење евиденција за безбедност на вработените со ХТЗ опрема и барање за набавка на таква опрема.

-. Прием на интерна документација , заведување во деловодник и достава на експедициона книга на субјекти на кои се однесува.

-. Прием на документација доставена преку пошта.

-. Ракување со печат и штембил на ЈКП Хигиена.

-. Оформување и чување на персонални досиеја на вработените.

-. Припремање на соопштенија и други акти за комуникација со средствата за јавно информирање.

-. Обезбедување на имот и средства во сопственост на ЈКП Хигиена.

-. Изготвување на договори помеѓу ЈКП Хигиена и корисниците на услуга.

Тековно работење во финансиска област

-. Припрема и прием на излезни фактури за побарување од пружена услуга за потрошена вода, такса за одржување на канализациска мрежа, за изнесување на комунален смет и нивно соодветно книжење во деловните книги на претпријатието.

-. Прием на влезни фактури, проверка на нивната исправност ликвидирање и соодветно нивно книжење во деловните книги на претпијатието.

-. Навремено евидентирање на платните приливи и одливи според извештаите од изводите од банка.

-. Навремено евидентирање на касовите извештаи од благајната.

-. Навремено книжење на сметковните извештаи од персонална служба во поглед на плата, патни трошоци, вработени по договор и на нив соодветни даноци.

-. Навремена пресметка за данокот за додадена вредност.

-. Подготовка на месечниот даночен биланс.

-. Подготвување на извештаи за наплатени побарувања.

-. Учество во подготовка на завршна сметка и годишен извештај.

Планирани инвестиции за тековната 2025 год.

1. Промена на цевковод фи 140 мм во место викано Сарај на селски пат во должина од 60 м1.

Целта за која се залагаме да извршиме промена на цевководот е полесно одржување на водоводната линија бидејќи моменталната длабочина на цевководот е околу 2,30 м.и ни создаваат тешкотии во одржувањето.

Цевка фи 140 60 x 1000,оо = 60,000,оо ден.

Сечење на арм.бет.подлога 60 x 300,оо = 18.000,оо ден.

Ископ на канал со затрпување 4 кат.

М1 60 x 0,60 x 0,40 x 250,оо = 15,000,оо ден.

Утовар и превоз на вишок материјал до депонија

Во должина од 5 км. Со трактор

М3 3,60 x 1,000,оо 3,600,оо ден.

Тампонирање на каналот во слој од 0,10 см.

Со набивање 2,40 x 1,500,оо 3,600,оо ден.

Бетонирање на каналот во ширина од 0,40 см,

и должина од 60 м. Х 0,40 x 0,15 = 3,60 м3 21,960,оо ден.

Фасонски делови 36,000.оо ден.

Вкупно: = 158,160,оо ден.

2. Промена на цевковод фи 40мм во место викано подгробишта на селскиот пат во должина од 450 м1.

Целта за која се залагаме да извршиме промена на цевководот е заради малиот проток на вода . Имено станува збор за изградба на нова населба во тој реон. Мислиме дека постоечкиот профил на цевковод нема да ги задоволи потребите за вода на населението што планира да се насели таму.

Цевка фи 63 мм 450 x 250,оо = 112,500,оо ден.

Сечење на арм.бет.подлога 450 x 300,оо = 135,000,оо ден.

Ископ на канал со затрпување 4 кат.

М1 450 x 0,60 x 0,40 x 250,оо = 112,500,оо ден.

Утовар и превоз на вишок материјал во должина од 3 км, со трактор,

М3 9 x 800,оо 7,200,оо ден.

Тампонирање на каналот во слој од 0,10 см.

Со набивање м3 18 x 1,500,оо 27,000,оо ден.

Бетонирање на канал во ширина од 0,40 см.

И должина од 450 м x 0,40 x 0,15 = 27,оо м3 164,700,оо ден,

Фасонски делови 12,500,оо ден.

Вкупно: = 570,700,оо ден.

3. Набавка на возило за собирање на смет.

Целта за која се залагаме да набавиме возило за собирање на комунален смет е заради што постоечкото возило е застарено и многу често е во застој а ние тогаш не сме во состојба навреме да го собираме сметот и се создава револт во населението. По

можност заради положбата на селото многу поефикасно би било да се набави помало возило, од една страна би имале резервно возило а од друга страна би се намалило на минимум користењето на трактерот кој исто така е и застарена машина а и барат поголем број на работници.Вредноста на возилото кое мислиме да го набавиме изнесува околу :

=1,500,000,оо ден.

4. Набавка на возило за метење.

Целта за која се залагаме да набавиме возило за метење е исклучиво за поефикасно и побрзо машинско да ги чистиме патиштата и улиците во населбата.Вредноста на возилото би изнесувало околу

=1,000,000,оо ден.

5. Набавка на Против пожарно возило.

Целта за која се залагаме да набавиме Против пожарно возило е по потреба за хитни случаи за гаснење на пожар а повремено би го користеле и за миење на патиштата и улиците низ населбата.

Вредноста на против пожарното возило би изнесувало околу

=1,000,000,оо ден.

6. Проширување на постоечкиот паркинг плац за потребите на комуналните возила.

Неопходно е да се изврши проширување на постоечкиот паркинг плац затоа што постоечкиот плац нема капацитет да ги собере возилата.

Вредноста за наведениот зафат би изнесувало околу

=180,000,оо ден.

Преглед на финансиската состојба на приходи и расходи.

Приходи:

Наплата од сметки	=	7.400.000.оо ден.
Приходи од други услуги	=	200,000,оо ден.
Вкупно :	=	**7,600,000,оо ден**.

Расходи :

Бруто плати	=	7,977,800,оо ден.
Данок од задолжение	=	540,000,оо ден.
Регрес за годишен одмор	=	210,000,оо ден.
Гориво	=	960,000,оо ден.
Набавка на хлор	=	350,000,оо ден.
Депонирање на смет	=	600,000,оо ден.
Електрична енергија	=	60,000,оо ден.
Хтз опрема за вработените	=	100,000,оо ден.
Чистење на диви депонии	=	300,000,оо ден.
ПТТ-услуги	=	2,500,оо ден.

Замена и спровед. на нови водоводни мрежи = 728,860,оо ден.

Набавка на возило за собирање на смет =1,500,000,оо ден.

Набавка на возило за метење = 1,000,000,оо ден.

Набавка на Против пожарно возило = 1,000,000,оо ден.

Проширување на постоечкиот паркинг плац = 180,000,оо ден.

Трошоци за одржување на водоводната мрежа,канализацискатa мрежа, одржување на моторните возила = 600,000,оо ден.

Непредвидени трошоци = 120,000,оо ден.

Вкупно расходи: = **16,229,160,оо ден.**

Приход = 7,600,000,оо ден.

Расход = 16,229,160,оо ден.

Разлика = **8,629,160,оо ден.**

Според прикажаната финансиска состојба за ефикасна реализација на планираната програма за работа за 2025 год. неопходна е финансиска подршка во вкупен износ од **8,629,160,оо ден.** Овие финансиски средства потребни за реализација на програмата ќе се вложи напор да се обезбедат од страна на :

-. Совет на Општина Струга.

ЈКП-Хигиена– Лабуништа

В.Д Директор,

Рецо Саитоски